# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk


Бр.10-1002/3
12 .07.2021 год.

Градоначалникот на општина Македонска Каменица, решавајќи по барањето поднесено под број 10-1002/1/1 од 21.06.2021 година за одобрување на планска програма за изработка на ДУП за блок 14 и 15, КО Каменица, општина Македонска Каменица а врз основа на член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, бр.32 од 10.02.2020 година) го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ ОДОБРУВА Планска програма за изработка на ДУП за блок 14 и 15, КО Каменица, општина Македонска Каменица со тех.бр.25/21 од 05/2021 изработена од “Планерис” ДООЕЛ Куманово**.

**Образложение**

Во информацискиот систем е-урбанизам е доставено барање за одобрување на планска програма за изработка на ДУП за блок 14 и 15, КО Каменица, општина Македонска Каменица (постапка бр.36339) заведено под број 10-1002/1 од 21.06.2021 година.

Во прилог на предлог планската програма се доставени :

-Планска програма за изработка на ДУП за блок 14 и 15, КО Каменица, општина Македонска Каменица, изработена од “ПЛАНЕРИС” ДООЕЛ Куманово со тех.бр.25/21 од мај 2021 ;

-Геодетски елаборат за посебни намени – ажурирана геодетска подлога со бр.376/3-18 од 04.03.2019 година изработен од ТДГР “ГЕО-ИНГ” Делчево ;

-Потврда за заверка на геодетски елаборат издадена од АКН.

Детален урбанистички план за блок 14 и 15, КО Каменица, општина Македонска Каменица е планиран со годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Македонска Каменица за 2021 донесена од Советот на општина Македонска Каменица со бр.08-2087/1 од 29.12.2020 година.

Предлог планската програма беше ставена на увид на членовите на парцитипативното тело формирано од страна на советот на општина Македонска Каменица и за истата е составен записник со бр.10-41/4 од 11.06.2021 година. По однос на истите од страна на парцитипативното тело немаше забелешки.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општината со решение бр.09-31/1 од 05.01.2021 год.и решение бр.09-31/2 од 19.02.2021 направи увид во планска програма и документацијата доставена преку електронскиот систем и констатираше дека истата е изработена согласно член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.225/20) и член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20), како и во согласност на изводот од ГУП за град М.Каменица.

Согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, бр.32/2020) Комисијата за урбанизам му достави предлог со бр.10-1002/2 од 07.07.2021 год. на градоначалникот на општина Македонска Каменица за одобрување на планска програма за изработка на ДУП за блок 14 и 15, КО Каменица, општина Македонска Каменица со тех.бр.25/21 од мај 2021 изработена од "Планерис" ДООЕЛ Куманово.

Градоначалникот на општина Македонска Каменица по извршениот увид на приложената документација и предлогот од комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, бр.32 од 10.02.2020 година).

Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, бр.32 од 10.02.2020 година) донесено е Решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова Решение барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административна такса.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Соња Стаменкова

Доставено до:
-архива
-барател

Изработил:
Александра Д.Ангеловска, диа